# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска, генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски**
**м-р Елизабета Додевска**

**ОДЛУКА**
за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Архитектонскиот факултет во Скопје ........ 2

**ОДЛУКА**
за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје ........................................ 3

Врз основа на член 77, став 1, точка 1 од Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 473/2019), и членовите 5 и 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на 2. седница одржана на 18.2.2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Архитектонскиот факултет во Скопје

1. Со оваа одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, од член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

2.

| Бр. | Назив на услугата | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Издавање индекс – продолжение (член 5, точка 3 од Анексот) | 1.000,00 ден. |
| 2. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 ден. |
| 3. | Издавање потврди за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 ден. |
| 4. | Издавање потврди по разни основи во зависност од податоците кои се бараат (член 5, точка 15 од Анексот) | 1.000,00 ден. |
| 5. | Набавка на онлајн ресурси (лиценциран софтвер) за реализација на студиските програми и трошоци за одржување и користење на центрите за едукација | 200,00 ден. |
| 6. | Набавка на материјални ресурси за реализација на студиските програми | 700,00 ден. |
| 7. | Трошоци за изведување на теренска настава | 1.300, ден. |
| 8. | Изгубена книга од Библиотеката на Факултетот | Согласно со интерен акт на Факултетот за утврдување на вредност на изгубена книга |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус студии, како и на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура на Факултетот, им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и согласно со оваа одлука.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), престанува да важи Одлуката за висината на надоместоците за извршените услуги што ги дава Архитектонскиот факултет на студентите, бр. 02-2/6 од 18.2.2013, Одлуката за висина на финансиски надомест за изведување на теренска настава при запишување на студентите во зимски и летен семестар бр. 02-2/61 од 26.9.2022 година и Одлуката за висината на финансискиот надомест за материјални трошоци при запишување на студентите во зимски и летен семестар бр. 02-2/62 од 26.9.2022.

4. Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Декан**
**Проф. д-р Анета Христовска Поповска, с.р.**

Врз основа на член 62, став (1), точка 13 од Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 473/2019), член 9, став (1), алинеја 6 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), како и член 4, став (3) и член 8, став (3) од Правилникот за уплата и распределба на школарината за студирање на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 687/2024), Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, по предлог на Советот на студиската програма Архитектура и урбанизам, на 64. седница одржана на 6.11.2024 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
## за распределба на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се утврдува распределбата на школарината за студирање и евиденција на уплатите на третиот циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Уплата на школарината**

**Член 2**

(1) Студентот ја плаќа школарина согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Договорот за студирање.

(2) Вредноста на 1 ЕКТС-кредит е еквивалент на количникот кој се добива кога висината на школарината за студирањето утврдена со Конкурсот ќе се подели со 180, што го претставува вкупниот износ на кредити кои студентот ги реализира со завршувањето на трет циклус студии.

(3) При презапишување на предмет/активност, студентот уплаќа 50 % од предвидената сума за презапишаниот предмет/активност.

**Член 3**

(1) Средствата за школарина се уплаќаат на сметката на Факултетот, носител